# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

28 јуни 2023
Скопје
Број 6, година XVIII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Јуни, 2023 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/1
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 26, став 4 од Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020) а согласно Барањето за давање согласност на дополнувањето на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје со бр. 09-3335/1 од 18.04.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со овој Заклучок се дава позитивно мислење на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура до ООУ „Кузман Шапкарев“- Општина Кисела Вода, Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.
4. Со влегувањето во сила на овој Заклучок, престанува да важи Заклучокот со бр. 09-1192/06 од 15.02.2023 година.

Број 09-4480/4
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Невена Георгиева Дуња“ – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Невена Георгиева Дуња“ – Општина Кисела Вода, Скопје, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/2
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 26, став 4 од Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020) а согласно Барањето за давање позитивно мислење на дополнувањето на Статутот на ООУ „Невена Георгиева Дуња“ – Општина Кисела Вода, Скопје со бр. 17-3292/1 од 13.04.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 29 мај 2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Невена Георгиева Дуња“ – Општина Кисела Вода, Скопје.

1. Се дава позитивно мислење на Статутарна одлука за измена и дополна на Статутот на ООУ „ Невена Георгиева Дуња “ – Општина Кисела Вода, Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура до ООУ „Невена Георгиева Дуња “- Општина Кисела Вода, Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/5
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија – Општина Кисела Вода, Скопје, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/3 | ГРАДОНАЧАЛНИК
28.06.2023 година | на Општина Кисела Вода
Скопје | Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 26, став 4 од Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020) а согласно Барањето за давање согласност на дополнувањето на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Општина Кисела Вода, Скопје со бр. 09-3464/1 од 20.04.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со овој Заклучок се дава позитивно мислење на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија– Општина Кисела Вода, Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура до ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија - Општина Кисела Вода, Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/6
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ„ Весели Цветови" – на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ„ Весели Цветови" – на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/4
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 26, став 4 од Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020), а согласно Барањето за давање согласност на дополнувањето на Статутот на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје со бр. 09-3293/1 од 13.04.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ ,,Весели Цветови,, nа Општина Кисела Вода, во Град Скопје.**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје “

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, do: ЈДГ ,,Весели Цветови” на Општина Кисела Вода во Град Скопје “ и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/7
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за именување на членови во управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти**
**Кисела Вода КВ Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за именување на членови во управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, донесена на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/5
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Закон за локална самоуправа („Службен весник РМ“ бр.5/02) член 34 точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), член 17, член 17 –г, став 5, 17-д, член 19, и член 26 - а од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, бр.83/09, бр.97/10, бр.6/12, бр.119/13, бр.41/14, бр.138/14, бр.25/15, бр.61/15, бр.39/16, бр.64/18, бр.35/19, бр.275/19, бр.89/22, бр.274/22), член 13 од Одлуката бр.09-6484/8 за основање на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ``Кисела Вода КВ`` Скопје, а во врска со спроведена постапка по Јавен повик бр.02/2023 за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во управен и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје со арх.бр.09-2414/1 од 20.03.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ОД Л У К А**
**за именување на членови во управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје**

**Член 1**

Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, се состои од 7 (седум) члена.

**Член 2**

За членови на управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, се именуваат:

- Кирју Николоски
- Бојан Петрушевски
- Тони Чуповски
- Драгољуб Ѓорѓевиќ
- Славица Тодоровска
- Мирјана Аврамовска
- Ангела Атанасова

**Член 3**

Членовите на управен одбор од своите редови избираат претседател.

**Член 4**

Времетраењето на мандатот на претседателот и членовите на управен одбор на јавното претпријатие изнесува четири години.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/8
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финанисико работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финанисико работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, донесена на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/6
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Закон за локална самоуправа („Службен весник РМ“ бр.5/02) член 34 точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), член 26, член 17 –г, став 5, 17-д, член 19, член 26, член 26 - а од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, бр.83/09, бр.97/10, бр.6/12, бр.119/13, бр.41/14, бр.138/14, бр.25/15, бр.61/15, бр.39/16, бр.64/18, бр.35/19, бр.275/19, бр.89/22, бр.274/22), член 14 од Одлуката бр.09-6484/8 за основање на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ``Кисела Вода КВ`` Скопје, а во врска со спроведена постапка по Јавен повик бр.02/2023 за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во управен и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје со арх.бр.09-2414/1 од 20.03.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ОД Л У К А**
**за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финанисико работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје**

**Член 1**

За вршење контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финанисико работење составен од 3 члена.

**Член 2**

За членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финанисико работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, се именуваат:

- Цветанка Тодоровска
- Весна Јосифовска
- Ана Ѓуроска

**Член 3**

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финанисико работење од своите редови избираат претседател.

**Член 4**

Времетраењето на мандатот на претседателот и членовите на управен одбор на јавното претпријатие изнесува четири години.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/9
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување на Програма за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување на Програма за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје, донесена на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/7
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник бр.05/02) и член 34 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на општина Кисела Вода (пречистен текст) бр.1/2020), член 73 од Законот за градење (Сл.Весник бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година , Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Програма за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје**

**Член 1**

Програмата за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје се носи врз основа на : член 73 од Законот за градење (Сл.Весник бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), и Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година.

**Член 2**

Програмата за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје
е изработена од планерската куќа Друштво за проектирање,ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, заведена под бр. 13-3518/1 од 25.04.2023 со тех.бр.39/23/У.

**Член 3**

Со Програмата за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје треба да се овозможи организација на просторот, притоа не нарушуваќи ја урбанистичката концепција и параметри на веќе изградените објекти и простори како и овозможуваќи непречено и безбедно движење на сите корисници.

**Член 4**

Со Програмата за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје се овозможува изградба на затворено спортско игралиште како и дефинирање на просторот во градежната парцела Г.П. 4.1 од ДУП: Населба Пинтија и е со следни параметри:
- Вкупна површина =3913,00 м2
- Површина на затворено спортско игралиште=380,00 м2
- Висина на затворено спортско игралиште=6,50 м. во однос на тротоар
-кота на тротоар +259,11 мм
-кота на нулта точка во однос на нивелетата на тротоар е +260,25 м

Со Програмата се предвидуваат градби кои не се предвидени со урбанистички план
односно Урбанистичко планска документација.
Изработката на оваа Програма **за** изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје, е по барање на Општина Кисела Вода, и истата е дел од потребната документација за изградба на затворено спортско игралиште.

**Член 5**

Микролокациски услови за изградба на затворено спортско игралиште претставуваат извод од текстуалниот и графичкиот дел на Програма **за** изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-4480/10
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација - реконструкција на дел од ул.Евтим Спространов бр.30, бр.32 и бр.34 и паркинг простор помеѓу ул.Трајко Иванов и ул.Лав Толстој, Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - реконструкција на дел од ул.Евтим Спространов бр.30, бр.32 и бр.34 и паркинг простор помеѓу ул.Трајко Иванов и ул.Лав Толстој, Општина Кисела Вода, донесена на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/8
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација - реконструкција на дел од ул.Евтим Спространов бр.30, бр.32 и бр.34 и паркинг простор помеѓу ул.Трајко Иванов и ул.Лав Толстој, Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата - реконструкција на дел од ул.Евтим Спространов бр.30, бр.32 и бр.34 и паркинг простор помеѓу ул.Трајко Иванов и ул.Лав Толстој, Општина Кисела Вода, која се дава од Друштво за градежништво, инженеринг, производство и трговија на големо и мало ДАБАР ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, во вредност од 6.001.094,55 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за градежништво, инженеринг, производство и трговија на големо и мало ДАБАР ДООЕЛ експорт – импорт Скопје во насока на спроведување на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/11
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација - зимзелени и листопадни дрва за Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - зимзелени и листопадни дрва за Општина Кисела Вода, донесена на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/9
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација - зимзелени и листопадни дрва за Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата - зимзелени и листопадни дрва за Општина Кисела Вода, која се дава од Друштво за производство, трговија и услуги ТРИСТА-ГРУП ДООЕЛ Скопје, во вредност од 70.020,оо денари со ДДВ.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за производство, трговија и услуги ТРИСТА-ГРУП ДООЕЛ Скопје во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/12
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/10
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 50, став 1 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр.5/2002), а во врска со Годишните Програми на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Кисела Вода, со намена за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кисела Вода согласно овој Правилник имаат заедниците на сопственици на посебни делови, односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Кисела Вода, кои ги исполнуваат условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

(3) Процесот на финансиска поддршка ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Член 2**

(1) Финансиските средства за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода се обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода, Програма за Локален економски развој, Програма Г10 - Локален економски развој .

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до исцрпување на предвидените средства, а најдоцна до 30 Ноември во тековната календарска година.

**Член 3**

(1) Финансиските средства од член 2 став 1 на овој Правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради со цел поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода.

(2) Финансиските средства ќе се доделуваат по принципот прв дојден-прв услужен.

## 2.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 2 став 1 од овој Правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода и во печатена форма на јавните објекти во општината.

(3) Јавниот повик ќе трае до исцрпување на предвидените средства за оваа намена во Буџетот на Општина Кисела Вода, а најдоцна до 31 Октомври во тековната календарска година.

## 3.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 2 став 1 на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кисела Вода формира Комисија (од 5 члена).
(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 члена од редот на вработените во администрацијата на општината.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација доколку смета дека тоа е потребно. Комисијата е должна да достави предлог за доделување на финансиските средства до градоначалникот. За својата работа Комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Барањето за финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој Правилник.
(2) Архивата на Општина Кисела Вода примените барања ги евидентира, заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата (критериум: прв дојден, прв услужен)
(3) Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:
• Одлука за поправка и санација на постоечкиот лифт/ови на станбени згради потпишана од мнозинството сопственици на посебни делови на станбената зграда;
• Понуда од економски оператор со детален опис по позиции;
• Одлука или изјава со која се потврдува дека ќе се обезбедат 70% од потребните средства за поправка и санација на лифт/ови на нивната станбена зграда;
• Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
• Одлука донесена од станарите за избор на претседател на заедницата на сопственици на станови или Договор за управувачки услуги (доколку работите на управувањето со станбената зграда се доверени на управител);
• Мислење од независно тело со кое е утврдено дека лифтот е технички неисправен и чекори кои треба да се превземат за усогласување на лифтот со важечките стандарди;

(4) Право на учество имаат сите влезови поединечно кои имаат регистрирано заедница на сопственици на станови или имаат избрано управител;
(5) При спроведување на теренска проверка од страна на Комисијата од член 5 став 1, сите баратели кои ќе ги исполнат условите по првичната проверка се должни да овозможат пристап во станбената зграда.

**Член 8**

По објавување на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состаноци согласно динамиката на пристигнување на барањата.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од членот 7 на овој Правилник и доставува предлог до градоначалникот на Општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиска поддршка.
(2) Градоначалникот на Општина Кисела Вода врз основа на предлогот од став 1 на овој член носи Решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето.

**Член 10**

Општина Кисела Вода , финансиските средства од член 2 став 1 од овој Правилник ќе ги исплати веднаш по изготвување на записник за направен увид од страна на комисијта дека лифот е поправен/ саниран и пуштен во функција.

**Член 11**

Личните податоци собрани заради остварување на целта заради кои се собрани ќе бидат уништени согласно Законот за заштина на личните податоци, а во врска со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 12**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кисела Вода.
( 2 ) Со влегувањето на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода со број 09-3004/8 од 28.04.2021 година (Службен гласник на општина Кисела Вода 05/2021).

Број 09-4480/13
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/11
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 50 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02) а Согласно Програмата за локален економски развој на Општина Кисела Вода за 2023 година, потпрограма ГД0 Проекти за енергетска ефикасност, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на општина Кисела Вода, со намена за финансиска поддршка за набавка на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на општина Кисела Вода согласно овој Правилник имаат сопствениците на индивидуални станбени објекти за домување (во понатамошниот текст: Корисници) на територија на општина Кисела Вода, кои аплицираат врз основа на јавен повик, ги исполнуваат условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

(3) Процесот на финансиска поддршка ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Член 2**

(1) Финансиските средства за набавка на пелети се обезбедени од Буџетот на општина Кисела Вода, Програма Г1 - Локален економски развој, Потпрограма ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до исцрпување на предвидените средства а најдоцна до 30 Ноември во тековната календарска година.

**Член 3**

(1) Финансиските средства од член 2 став 1 на овој Правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на домаќинствата за купување на пелети на подрачјето на општина Кисела Вода во износ од 50% од вредноста но не повеќе од 10.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход, по домаќинство.

(2) Финансиските средства ќе се доделуваат по принципот прв дојден-прв услужен.

2.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 2 став 1 од овој Правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Кисела Вода и во печатена форма на јавните објекти во општината.
(3) Јавниот повик ќе трае до исцрпување на предвидените средства за оваа намена во Буџетот на општина Кисела Вода а најдоцна до 31 Октомври во тековната календарска година.

## 3.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 2 став 1 на овој Правилник, градоначалникот на општина Кисела Вода формира Комисија ( 5 члена и тоа 3 члена од општинската администрација и 2 члена од Советот на општина Кисела Вода).

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во документацијата, како и да бара друга дополнителна документација доколку смета дека тоа е потребно. Комисијата е должна да достави предлог за доделување на финансиските средства до градоначалникот. За својата работа Комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Барањето за финансиската поддршка за набавка на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода, сопствениците на индивидуални стамбени единици го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката од член 5 од овој Правилник.
(2) Архивата на општина Кисела Вода примените барања ги евидентира, заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата (критериум: прв дојден, прв услужен)
(3) Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Доказ за сопственост дека објекотот е на територија на Општина Кисела Вода;
- Изјава заверена на нотар со која се потврдува дека немаат искористено субвенции за набавка на пелети од општина Кисела Вода по основ на овој повик, дека објектот не е поврзан на градско парно и дека поседува печка на пелети за истиот објект;
- Фотокопија од лична карта;
- Фотокопија од трансакциска сметка;
- Доказ дека е извршено купувањето на пелетите, од 01.01 во тековната година до завршување на јавниот оглас, со приложување на фискална сметка или фактура и извод од деловна банка за извршена уплата во оргинална форма.

**Член 8**

По објавување на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состаноци согласно динамиката на пристигнување на барањата

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од членот 7 на овој Правилник и доставува предлог до градоначалникот на општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиска поддршка.
(2) Градоначалникот на општина Кисела Вода врз основа на предлогот од став 1 на овој член носи Решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето од страна на комисијата од член 5.

**Член 10**

Општина Кисела Вода, финансиските средства од член 2 став 1 од овој Правилник ќе ги исплати по донесување на Решение од страна на градоначалниокот.

**Член 11**

Личните податоци собрани заради остварување на целта ќе бидат уништени согласно Законот за заштита на личните податоци, а во врска со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**4.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кисела Вода ".

Број 09-4480/14
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на Општина Кисела Вода, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/12
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 101 од Законот за домување, (Службен Весник на Р.М бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на Општина Кисела Вода**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на општина Кисела Вода, со намена за финансиска поддршка за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на општина Кисела Вода.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на општина Кисела Вода согласно овој Правилник имаат Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители на станбени згради (УСЗ) за колективното домување кои аплицираат врз основа на јавен повик, а ги исполнуваат условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

(3) Процесот на финансиска поддршка ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од овој Правилник се обезбедени од Буџетот на општина Кисела Вода, Програма Г1 - Локален економски развој, Потпрограма ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до исцрпување на предвидените средства, а најдоцна до 30 Ноември во тековната календарска година.

**Член 3**

(1) Финансиските средства од член 2 став 1 на овој Правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители на станбени згради (УСЗ) за колективното домување за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на општина Кисела Вода во износ од 60% од вредноста.

(2) Финансиските средства ќе се доделуваат по принципот прв дојден-прв услужен.

## 2.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 2 став 1 од овој Правилник, општината објавува јавен повик.
(2) Јавниот повик се објавува на веб страната но општина Кисела Вода и во печатена форма на јавните објекти во општината.
(3) Јавниот повик ќе трае 60 дена од датумот на објавување,

## 3.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 2 став 1 на овој Правилник, Градоначалникот на општина Кисела Вода формира Комисија (5 члена и тоа 3 члена од општинската администрација и 2 члена од Советот на општина Кисела Вода).

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во документацијата на објектот, како и да бара друга дополнителна документација за сопственичкиот статус доколку смета дека тоа е потребно. Комисијата има право да изврши увид на лице место. Комисијата е должна да достави предлог за доделување на финансиски средства до градоначалникот. За својата работа Комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Барањето за финансиската поддршка за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на општина Кисела Вода, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката од член 5 од овој Правилник.
(2) Архивата на општина Кисела Вода примените барања ги евидентира, заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата (критериум: прв дојден, прв услужен).
(3) Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Доказ дека станбената зграда (А2) е на територија на општина Кисела Вода и дека е изградена пред 2010 год. (доказ за сопственост);

- Доказ дека станарите се регистрирани како Заедници на сопственици или имаат Управители согласно Законот за домување за што доставуваат решение од Централен регистар;
- Фактура или фискална сметка во оригинална форма, како доказ, за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување.
- Фотокопија од сметка.

**Член 8**

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории на згради:

- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот;
- Згради кои служат за религиозни цели;
- Времени објекти.

**Член 9**

По објавување на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состаноци согласно динамиката на пристигнување на барањата

**Член 10**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од членот 7 на овој Правилник и доставува предлог до градоначалникот на општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиска поддршка.
(2) Градоначалникот на општина Кисела Вода врз основа на предлогот од став 1 на овој член носи Решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето.

**Член 11**

Мерките за подобрување на енергетската ефикасност на зградата се состојат во термоизолација на надворешни ѕидови и зидови кон негреани простори со термоизолационен материјал со коефициент на топлинска спроводливост Umax $\leq$ 0.35 (W/m$^2$K).

**Член 12**

Следењето на квалитетот на мерките за енергетска ефикасност согласно член 10 ќе го изврши независен Надзор избран од страна на општина Кисела Вода.

**Член 13**

Личните податоци собрани заради остварување на целта заради кои се собрани ќе бидат уништени согласно Законот за заштина на личните податоци, а во врска со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кисела Вода.

(2) Со влегувањето на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода бр. 09-5397/6 од 08.06.2022 година (Службен гласник на општина Кисела Вода бр 08/2022).

Број 09-4480/15
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/13
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.61/04, 96/04 и 67/07), расправајќи по Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница, одржана на 29 мај 2023 година, донесе :

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4480/16
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за прифаќање на Иницијатива за ослободување од партиципација за бранителите од 2001 година на Република Северна Македонија**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за ослободување од партиципација за бранителите од 2001 година на Република Северна Македонија, донесен на Дваесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 29 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5617/14
28.06.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РСМ бр. 05/2002) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 29 мај 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијатива за ослободување од партиципација за бранителите од 2001 година на Република Северна Македонија**

1. Со овој Заклучок се прифати Иницијативата за ослободување од партиципација за бранителите од 2001 година на Република Северна Македонија.
2. Се формира Комисија од 3 члена од Советот, претставници на советничките групи:
   - Донче Мишовски
   - Игор Трпевски
   - Тодор Костадиновски и

   и 2 члена од општинската администрација: претставник од Секторот за нормативно правни работи и претставник од Секторот за финансиски прашања.
3. Се задолжува заедничката Комисија да изготви соодветна Предлог – Одлука која ќе се стави на првата наредна седница, по доставување на Предлог - Одлуката.
4. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
5. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4480/17
29 мај 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.13-505 од 15.05.2023 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул. Рилски Конгрес, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 07.03.2023 година со УП.бр.13-505 е издадено Одобрение за надградба на индивидуален станбен објект, намена на градба станбена куќа – А1 на ГП 2.57 од Детален урбанистички план Градска Четврт Ј20 Блок 01, објект од втора категорија, на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул. Рилски Конгрес, Скопје, на инвеститорот Слободан Мумовиќ, со адреса на ул. 11ти Октомври бр.34/34, Скопје и заверен е Основен проект со технички број 502а/21 од јули 2022 година, изработен од проектант Димче Љубенски со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0494 од 15.06.2020 година – Друштво за проектирање и консалтинг БИРО ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.106/А од 09.07.2016 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Љупка Алампиоска, д.и.а.

Контролирал/одобрил:
Раководител на Сектор
Гоце Станкоски, д.и.а.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

Согласен:
Секретар на општина Кисела Вода:
М-р Мирко Ивановски

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Орце Ѓорѓиевски**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-505 од 15.05.2023 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул. Рилски Конгрес, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 07.03.2023 година со УП.бр.13-505 е издадено Одобрение за надградба на индивидуален станбен објект, намена на градба станбена куќа – А1 на ГП 2.57 од Детален урбанистички план Градска Четврт Ј20 Блок 01, објект од втора категорија, на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 1716/14, КП 1715 и КП 6810/3 КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул. Рилски Конгрес, Скопје, на инвеститорот Слободан Мумовиќ, со адреса на ул. 11ти Октомври бр.34/34, Скопје и заверен е Основен проект со технички број 502а/21 од јули 2022 година, изработен од проектант Димче Љубенски со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0494 од 15.06.2020 година – Друштво за проектирање и консалтинг БИРО ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.106/А од 09.07.2016 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и 168/18), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.13-60 од 14.06.2023 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2606/1, КП 2606/2 и КП 2607 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 2607/1, 2606/1 и 2606/2 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул.Димо Хаџи Димов, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 14.06.2023 година со УП.бр.13-60 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда – А2, намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 7.107 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј10, објект од втора категорија, на КП 2606/1, КП 2606/2 и КП 2607 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 2607/1, 2606/1 и 2606/2 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул.Димо Хаџи Димов, Скопје на инвеститорите ВАСИЛКОСКИ ТЕМЕЛКО од Скопје, преку полномошник ВАСИЛКОСКИ РОБЕРТ од Скопје, ВАСИЛКОВСКИ БОРЧЕ од Скопје, ВАСИЛКОВСКА БИЛЈАНА од Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги КОМПАНИЈА ЈАКИМОВСКИ ДООЕЛ Скопје и заверен е Основен проект со технички број 0301-98-01/2022 од 11.11.2022 година, изработен од проектант Лина Спасевска дипл. инженер архитект со овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура со број 1.2354 од 31.10.2018 год – Друштво за градежништво, трговија и услуги Компанија Јакимовски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија издадена од Министерство за транспорт и врски со број П. 1026/Б од 20.07.2022 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**
тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Советник за вклопување на бесправно изградени објекти во ДУП
Љупка Алампиоска, д.и.а.

Контролирал/Одобрил:
Гоце Станкоски, д.и.а.

Согласен,
Секретар на Општина Кисела Вода
Мирко Ивановски

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**Гоце Станкоски д.и.а.**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-60 од 14.06.2023 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2606/1, КП 2606/2 и КП 2607 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 2607/1, 2606/1 и 2606/2 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул.Димо Хаџи Димов, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 14.06.2023 година со УП.бр.13-60 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда – А2, намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 7.107 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј10, објект од втора категорија, на КП 2606/1, КП 2606/2 и КП 2607 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно имотен лист) односно на КП 2607/1, 2606/1 и 2606/2 сите за КО Кисела Вода 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), на ул.Димо Хаџи Димов, Скопје на инвеститорите ВАСИЛКОСКИ ТЕМЕЛКО од Скопје, преку полномошник ВАСИЛКОСКИ РОБЕРТ од Скопје, ВАСИЛКОВСКИ БОРЧЕ од Скопје, ВАСИЛКОВСКА БИЛЈАНА од Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги КОМПАНИЈА ЈАКИМОВСКИ ДООЕЛ Скопје и заверен е Основен проект со технички број 0301-98-01/2022 од 11.11.2022 година, изработен од проектант Лина Спасевска дипл. инженер архитект со овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура со број 1.2354 од 31.10.2018 год – Друштво за градежништво, трговија и услуги Компанија Јакимовски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија издадена од Министерство за транспорт и врски со број П. 1026/Б од 20.07.2022 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18, 168/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**
тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП бр. 13-170 од 19.06.2023 год. (тех. грешка)
~~УП.бр.13-60 од 14.06.2023 год.~~
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 794/4 КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.06.2023 година со УП.бр.13-170 е издадено Решение за реконструкција на дел од објект, односно реконструкција на постоечки тераси на станбен простор впишани на име на инвеститорите и тоа стан бр.1 кат 1 влез 2 во сопственост на Дејан Иванов, стан бр. 1 кат 1 влез 3 и стан бр. 2 кат 1 влез 3 во сопственост на Ангел Митев, во објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 2.1 од Измена и дополнување на дел од ДУП: МЗ „Цветан Димов-Славија" (блокови 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10), објект од втора категорија, на КП 794/4 КО Кисела Вода 1 Скопје на инвеститорите Ангел Митев од Скопје, со адреса на живеење на ул. Страшо Пинџур бр. 55, Кавадарци и Дејан Иванов од Скопје со адреса на ул.532 бр.11 Марино и заверен е Основен проект со технички број тех. број 3925 од март 2023 год., изработен од проектант Трајчо Грков со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура, број 1.0017 од 20.11.2018 година – Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз извоз Кавадарци, ЕМБС 4129105, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.079/А од 07.05.2016 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Советник за вклопување на бесправно изградени објекти во ДУП
Љупка Алампиоска, д.и.а.

Согласен,
Секретар на Општина Кисела Вода
Мирко Ивановски

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за урбанизам и
просторно планирање

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Гоце Станкоски д.и.а.

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-170 од 19.06.2023 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 794/4 КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.06.2023 година со УП.бр.13-170 е издадено Решение за реконструкција на дел од објект, односно реконструкција на постоечки тераси на станбен простор впишани на име на инвеститорите и тоа стан бр.1 кат 1 влез 2 во сопственост на Дејан Иванов, стан бр. 1 кат 1 влез 3 и стан бр. 2 кат 1 влез 3 во сопственост на Ангел Митев, во објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2 на ГП 2.1 од Измена и дополнување на дел од ДУП: МЗ „Цветан Димов-Славија" (блокови 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10), објект од втора категорија, на КП 794/4 КО Кисела Вода 1 Скопје на инвеститорите Ангел Митев од Скопје, со адреса на живеење на ул. Страшо Пинџур бр. 55, Кавадарци и Дејан Иванов од Скопје со адреса на ул.532 бр.11 Марино и заверен е Основен проект со технички број тех. број 3925 од март 2023 год., изработен од проектант Трајчо Грков со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура, број 1.0017 од 20.11.2018 година – Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ЕМБС 4129105, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.079/А од 07.05.2016 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18, 168/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А:

1.Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје;

2. Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Невена Георгиева Дуња“ – Општина Кисела Вода, Скопје;

3. Заклучок за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Рајко Жинзифов“, Симбол на пријателството на Кина и Северна Македонија – Општина Кисела Вода, Скопје;

4. Заклучок за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ„ Весели Цветови“ – на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

5.Одлука за именување на членови во управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје;

6.Одлука за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финанисико работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје;

7.Одлука за одобрување на Програма за изградба на градби за спорт и рекреација-Д3-затворено спортско игралиште на КП 6483 КО Кисела Вода 2, ДУП: Населба Пинтија, Г.П. 4.1 Основно училиште Рајко Жинзифов, Општина Кисела Вода-Скопје;

8.Одлука за прифаќање на донација - реконструкција на дел од ул.Евтим Спространов бр.30, бр.32 и бр.34 и паркинг простор помеѓу ул.Трајко Иванов и ул.Лав Толстој, Општина Кисела Вода;

9.Одлука за прифаќање на донација - зимзелени и листопадни дрва за Општина Кисела Вода;

10.Правилник за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода;

11.Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода;

12.Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективното домување на територија на Општина Кисела Вода;

13.Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2023 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

14.Заклучок за прифаќање на Иницијатива за ослободување од партиципација за бранителите од 2001 година на Република Северна Македонија;

15. Јавна објава бр. УП.бр.13-505 од 15.05.2023 година;
16. Јавна објава бр. УП.бр. 13-60 од 14.06.2023 година;
17. Јавна објава бр. УП.бр. 13-170 од 19.06.2023 година;